ПП бр: 13-45/7
03.06.2026

Врз основа на член 9 став (3), член 10 и член 24 став (1) точка 1) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24 од 20.03.2024 година), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, во состав: М-р. Борче Размоски – претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски, Никола Трајчевски и Valon Elezi – членови, постапувајќи во постапката поведена по службена должност, со Заклучок бр. ПП 13-45/3 од 12.03.2026 година против Друштво за трговија, услуги и производство АЛИУ КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на Пеќска Лига Беса Бес бр.2 Љубин, Сарај, Република Северна Македонија, со ЕДБ 4075023508740 и ЕМБС 7656076, претставувано од управителот Артина Граждани, на седница одржана на ден 03.06.2026 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека Друштво за трговија, услуги и производство АЛИУ КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на Пеќска Лига Беса Бес бр.2 Љубин, Сарај, Република Северна Македонија, со ЕДБ 4075023508740, ЕМБС 7656076 и жиро сметка 240000120551920 во Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, сторило прекршок од член 27 став (1) точка 1), а во врска со член 18 став (2) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24 од 20.03.2024 година), на начин што не ги доставило податоците побарани со Заклучокот за доставување на податоци ПП бр.13-45/1 од 05.02.2026 година. Иако наведениот Заклучок е уредно доставен и примен од страна на правното лице на 13.02.2026 година, правното лице не постапило по истиот, и во дадениот рок од 5-пет дена од приемот на Заклучокот не ги доставило податоците побарани од страна на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата.
Со наведеното постапување, правното лице не ги исполнило предвидените законски одредби, за што му се изрекува глоба во износ од 1.500,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

2. Се утврдува дека согласно член 27 став (2) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи, на одговорното лице (управител) во правното лице Друштво за трговија, услуги и производство АЛИУ КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на Пеќска Лига Беса Бес бр.2 Љубин, Сарај, Република Северна Македонија, со ЕДБ 4075023508740 и ЕМБС 7656076, претставувано од управителот Артина Граждани со живеалиште на Фатос Арапи бр.1/3-5, Скопје, Бутел, Република Северна Македонија, му се изрекува глоба во износ од 200,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

3. Глобата од точка 1 и точка 2 од ова решение, сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 (триесет) дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Образложение:**

На ден 05.02.2026 година на седница на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст : „КОП''), врз основа на Член 18 став (1) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи (Службен весник на РСМ, бр.66 од 20.03.2024 година), (во понатамошниот текст: „Законот''), беше донесен Заклучок за прибавување на податоци ПП бр. 13-45/1 од 05.02.2026 година од правното лице Друштво за трговија, услуги и производство АЛИУ КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на Пеќска Лига Беса Бес бр.2 Љубин, Сарај, Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: „АЛИУ КОМПАНИ''), поради постоење на сознание дека истите поседуваат предмети, исправи или друга документација или има сознанија кои можат да бидат од значење за утврдување на прекршок.

Со Заклучокот ПП бр.13-45/1 од 05.02.2026 година, АЛИУ КОМПАНИ, беше задолжен до КОП да ги достави следните податоци:

- Целосна листа на добавувачи на земјоделски и прехрамбени производи кој се опфатени со Законот;
- Оригинал или копија од оригиналот од склучени договори за деловна соработка со добавувачите Цермат ДОО Битола, Друштво со ограничена одговорност со еднолчиен капитал НЕХО и ФРИКОМ Београд Дооел Скопје;
- Оригинал или копија од оригиналот од деловодната книга каде се заведени склучените договори за деловна соработка со добавувачите Цермат ДОО Битола, Друштво со ограничена одговорност со еднолчиен капитал НЕХО и ФРИКОМ Београд Дооел Скопје;
- Картици на добавувачите Цермат ДОО Битола, Друштво со ограничена одговорност со еднолчиен капитал НЕХО и ФРИКОМ Београд Дооел Скопје, каде јасно се видливи влезните фактури за периодот 01.01.2025 – 31.12.2025 година и
- Документ/и за примени одобренија за остварен промет во 2025 година од страна на добавувачите Цермат ДОО Битола, Друштво со ограничена одговорност со еднолчиен капитал НЕХО и ФРИКОМ Београд Дооел Скопје.

Заклучокот беше испратен со допис ПП бр. 13-45/2 од 05.02.2026 година до АЛИУ КОМПАНИ со што правното лице беше задолжено да ги достави бараните податоци до КОП во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на Заклучокот.

---

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

Од доставената повратница за врачување на Заклучокот за барање на податоци испратен до АЛИУ КОМПАНИ, видно е дека правното лице го примило Заклучокот за барање на податоци на 13.02.2026 година, но истото не ги доставило бараните податоци до КОП во дадениот рок од 5 (пет) дена од денот на приемот.

На ден 12.03.2026 година, поради непостапување по доставениот Заклучок за барање на податоци од 05.02.2026 година, КОП на седница донесе Заклучок за поведување на прекршочна постапка против АЛИУ КОМПАНИ, ПП бр.13-45/3 од 12.03.2026 година, поради постоење на евентуален прекршок од член 27 став (1) точка 1) од Законот, а во врска со член 18 став (2) од Законот. Со допис бр.13-45/4 од 12.03.2026 година, КОП го достави Заклучокот за поведување прекршочна постапка до АЛИУ КОМПАНИ.
Од доставената повратница за врачување на Заклучок за поведување на прекршочна постапка, видно е дека правното лице го примило Заклучок за поведување на прекршочна постапка на 16.03.2026 година.

На ден 09.04.2026 година, КОП утврди дека АЛИУ КОМПАНИ нема доставено никаков допис ниту информација во врска со Заклучокот за барање на податоци ПП бр.13-45/1 од 05.02.2026 година како и Заклучокот за поведување на прекршочна постапка ПП бр.13-45/3 од 12.03.2026 година.

На 09.04.2026 година, на седница на КОП беше донесено – Известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.13-45/5 од 09.04.2026 година. Со допис ПП бр.13-45/6 од 09.04.2026 година, известувањето беше доставено со АЛИУ КОМПАНИ.
Од доставената повратница за врачување на Известувањето за утврдена фактичка состојба, видно е дека правното лице го примило Известувањето на 15.04.2026 година.

На 03.06.2026 година, КОП утврди дека АЛИУ КОМПАНИ нема доставено произнесување во врска со доставеното известување со ПП бр.13-45/5 од 09.04.2026 година, со тоа АЛИУ КОМПАНИ не го искористил своето процесно право да ги оспори наводите од известувањето, поради што истото се смета за неспорно во делот на утврдената фактичка состојба. Оттука, се исполнети сите законски услови за утврдување на прекршок од член 27 став (1) точка 1) од Законот, а во врска со член 18 став (2) од истиот Закон.

Од увидот во тековната состојба на АЛИУ КОМПАНИ, КОП утврди дека истиот е класифициран како мал субјект/трговец.

Согласно член 18 став (2) од Законот, Заклучокот за барање податоци содржи правна основа, цел на барањето, точно наведување на податоците кои се бараат, рок за доставување на бараните податоци, како и тоа дека недоставувањето податоци во бараниот рок, доставувањето неточни, нецелосни или податоци кои можат Комисијата за одлучување по прекршок да ја доведат во заблуда, претставува прекршок, согласно со членот 27 од овој закон.

Согласно член 27 став (1) од Законот, КОП на правното лице за дејствата од ставот (1) на овој член глоба во износ од 500 до 750 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во

износ од 5.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за голем трговец, ќе му биде изречена за прекршок на правното лице, ако: 1) не постапи по заклучокот на Комисијата за одлучување по прекршок за доставување податоци во определен рок, согласно со членот 18 став (2) од овој закон;

Согласно член 27 став (2) од Законот, КОП на одговорното лице во правното лице за дејствата од ставот (а) на овој член, ќе му изрече глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 200 до 350 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска противвредност за голем трговец.

Согласно член 28 став (1) од Законот, во одмерувањето на износот на глобата, КОП ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и опсегот на повредата и последиците предизвикани со прекршокот.

Согласно член 28 став (2) од Законот, КОП при одмерување на глобата најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го приспособува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности.

Имајќи го во предвид видот на прекршокот и неговиот процесен карактер, кој согласно член 27 став (1) точка 1) од Законот е квалификуван како полесен прекршок како и големината на субјектот, КОП оцени дека е оправдано изрекувањето на глоба во износ од 1.500,00 евра за правното лице и глоба во износ од 200,00 евра за одговорното лице во правното лице.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски**